**ДО**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА**
**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Неизвршните членови на Одборот на директори согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, во рамките на своите надлежности, континуирано го следеа работењето на Друштвото и делуваа во согласност со својот систем за внатрешна контрола во текот на 2020 година. Контролата ја спроведуваа во насока на остварување на интересите на Друштвото и перманентна заштита на правата и интересите на акционерите во Друштвото, преку:

- Постојана и целосна контрола на работењето на друштвото и негово менаџирање, во поглед на усогласеноста со позитивната законска регулатива.

- Увид и оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото.

- Континуирано следење на показателите за деловните резултати и постигнувања во друштвото, во насока на зголемување на приходите и намалување на трошоците од работењето на Друштвото, а се со цел да се обезбеди поекономично и финансиски поисплатливо работење и управување со друштвото, и остварување на што е можно подобри резултати.

- Во текот на 2020 година неизвршните членови на Одборот на директори го разгледаа Полугодишниот извештај за извршена внатрешна ревизија на Друштвото. Неизвршните членови на Одборот на директори го усвоија, и дадоа оцена дека Полугодишниот извештај е квалитетно и содржински изработен, согласно законските одредби. Исто така беа разгледувани и извештаите од посебните ревизии во кои беа презентирани активностите извршени во текот на извештајната година. Во согласност со ЗТД неизвршните членови се должни да го достават годишиот извештај за извршените внатрешни ревизиии до Собранието на акционери на друштвото, но претходно истите имаат обврска да го разгледаат и да се произнесат по истиот. При контролата констатираа дека во тој извештај објективно се презентирани сите неопходни факти и податоци поврзани со работењето.на друштвото, и истиот е пратен на усвојување на годишното Собрание на усвојување.

- Неизвршните членови на одборот на директори го разгледаа и одобрија Годишниот план за спроведување на внатрешна ревизија за 2021 година. Во истиот се наведени предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области и распоред на контролите во текот на 2021 година, со планирано времетраење за спроведување на контролите.

-Неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на Финансиските извештаи за годината која измина и утврдија дека тие објективно ја презентираат финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Истото е констатирано и од страна на независниот Ревизор, во чии Извештај е утврдено дека годината што заврши е во согласност со сметководствените стандарди, прифатени во Република Северна Македонија.

Во Ревизорскиот Извештај има наведено мислење со резерва, а за финансиските извештаи стои дека објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје заклучно со 31 Декември 2020 година, како и неговата финансиска кондиција и неговите парични текови.

Во мислењето на независниот Ревизор во Консолидираните финансиски извештаи, наведено е дека консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје и неговата подружница МЕПКОМ Кочо и други ДОО Скопје заклучно со 31 Декември 2020, како и неговата финансиска кондиција и неговите парични текови за годината што заврши во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Врз основа на изнесеното, согласно Законот за трговските друштва, предлагаме Собранието на акционери:

1. Да ја одобри годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2020 година, како и Консолидираната годишна сметка , Консолидираните финансиски извештаи и Годишниот извештај за работење на групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

2. Да го одобри работењето на Одборот на директори за 2020 година.

**Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Драган Наков** ------------------

**Штерјо Наков**------------------

**Тодор Сејзов**--------------------